РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 26.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 12 | 3248/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ, Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 август 2026 година
5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

*(За спроведување на мерките нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, односно за исполнување на годишниот акциски план за пристапност, давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година)*

– **Член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги** Бр.01-2750/1 од 13.06.2024 година

(*Обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање, другите даватели на медиумски услуги доставуваат информација дали претходната година емитувале пристапни програми*)

6. **Претходно изречена мерка:** /

*На 18.08.2026 година, за непочитување на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (УП1 бр.03-220 од 19.08.2026 година) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (19.08.2026 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот*

*за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) со доставениот Годишен извештај за пристапност до услугите за 2025 година (наш арх.бр.03-2824/1 од 20.07.2026 година[1]) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**.

## 8. Опис на прекршувањето: /

## 9. Предлог-мерка: /

***Сектор за програмски работи***

[1] Радиодифузерот го достави својот годишен извештај по неколку дена откако Агенцијата го констатираше прекршувањето и го објави Извештајот од редовен надзор бр. 10-2778/1 од 14.07.2026 година